***Меморандум за разбирање***

***помеѓу***

***Чешката Служба за Стандарди, Метрологија и Тестирање***

***и***

***Македонската Служба за Стандардизација и Метрологија***

***за елиминирање на техничките бариери во трговијата***

Чешката Служба за Стандарди, Метрологија и Тестирање и Македонската Служба за Стандардизација и Метрологија, во понатамошниот текст наречени "Страни",

имајќи ја во предвид нивната намера за олеснување на взаемната трговија со намалување на техничките бариери,

назначувајќи дека стандардизацијата, процедурите за оцена на сообразноста и метрологијата се важни за развојот на економската соработка помеѓу двете земји,

назначувајќи ја взаемната предност од соработка во сферата на размената на информации,

нагласувајќи дека овој Меморандум на разбирање ќе биде во согласност со правилата на СТО,

се договорија за следното:

Член 1

Заедничките цели на овој Меморандум за разбирање ( во понатамошниот текст: MoU) се:

(i) Да го поддржи развојот на соработката помеѓу Страните и други соодветни национални институции во полето на стандардизацијата, оцената на сообразноста, метрологијата и акредитацијата и соодветно да ги насочи договорите помеѓу овие институции;
(ii) Да развива и одржува взаемна доверба;
(iii) Да организира размена на информации во областа на подготовката и донесување на националната техничка регулатива, други сродни документи и конференции, семинари и работилници организирани од една од Страните;
(iv) Да идентификува и промовира намалување на техничките или административните бариери во трговијата и да ја олеснат взаемната трговија.

Член 2

Заеднички задачи на овој MoU особено се:

(i) Да соработува и помага во процесот на хармонизација на националната техничка регулатива со онаа на Европската Комисија;
(ii) Да размислува за можностите за склучување на договори за взаемно признавање на сертификатите и тест резултати за производи;
(iii) Да поддржува учество во меѓу-лабораториски компарациии;
(iv) Да поддржува студиски посети на експерти за специфични области од взаемен интерес;
(v) Да повикува експерти за учество на конференции, семинари и работилници;
(vi) Да воспостави *ad hoc* експертски работни групи во специфични области од взаемен интерес.

Член 3

Секоја Страна го овластува својот претставник за координативните активности во врска со имплементацијата на MoU. Преставниците ќе организираат *ad hoc* состаноци за дискусија на актуелни теми од заеднички интерес. Состаноците ќе бидат организирани алтернативно на територијата на секоја од Страните. Контактите и консулатациите ќе бидат во пишана и електронска форма.

Член 4

MoU ќе стапи на сила по неговото потпишување

Член 5

MoU може да биде дополнет во секое време со договор помеѓу Страните. Дополнението на MoU ќе биде донесено со консензус.

Член 6

Ако една страна од MoU од било која причина има намера да го прекине овој MoU, треба да ја извести другата страна во пишана форма за својата намера. MoU ќе биде раскинат после три месеци од денот на примање на известувањето за раскинувањето на Договорот.

Член 7

Овој MoU е од ексклузивна препорачлива природа. Тој не создава никакви препреки од законска природа на Страните во чие име ќе биде потпишан

Потпишан во Прага на 12 ноември 2001 година во по два оригинала на Англиски, Македонски и Чешки јазик, секој текст ќе биде еднакво идентичен. За референтна примена ќе биде земена Англиска верзија

| | |
|---|---|
| За<br>Чешката Служба за Стандарди, Метрологија и Тестирање | За<br>Македонската Служба за Стандардизација и Метрологија |